## До директорот на Телевизија Сител

После коментарот на вашиот водител на телевизискиот дневник на Сител на 13.09.2012 година потполно е јасно кој е изворот на неговите информации и зошто е вклучен во кампањата против Топлификација АД.

Сакаме да Ве информираме дека и за овој коментар ќе следува тужба за нанесена штета на угледот на Топлификација АД преку изнесување на полувистини.

Како и за сите веќе поднесени тужби за клевета по евентуалното добивање на спорот ќе следуваат тужби за штета на акционерскиот капитал на Топлификација АД за кои сериозни меѓународни ревизорски фирми веќе направија проценка.

## **<u>Бараме телевизија Сител, заради објективно информирање на вашите гледачи, да го објави овој демант на слободниот коментар на вашиот водител</u>**:

Топлификација АД има долг кон ТЕ ТО АД за кој првостепениот суд донесе одлука дека не треба да се блокира сметката на Снабдување Центар, но Апелациониот суд донесе одлука како што е објавено на телевизија Сител.

Топлификација АД е сопственик на 20% од акциите на ТЕ ТО АД и спорот за овој долг со ТЕ ТО АД е поради висината на истиот и поради начинот на плаќање.

Тој долг има и обезбедување согласно договорот кое ТЕ ТО АД може да го користи.

Во овој момент Топлификација АД има побарувања од корисниците на услуги за претходната грејна сезона во износ од околу 500 милиони денари или над 8 милиони евра. Процентот на наплата за претходната грејна сезона до овој момент е над 90% за становање и 70% од останатите корисници. Овој износ на побарувања за претходната грејна сезона е повеќе од три пати поголем од оспореното побарување на ТЕ ТО АД кое е предмет на судската одлука.

Пазарната вредност на 20% од акциите на ТЕ ТО АД кои Топлификација АД ги поседува во оваа фирма, согласно проценката на државен орган на Република Македонија надлежен за таа работа, е околу 60 милиони евра.

Имајќи ги во предвид овие лесно докажливи факти навистина не ни е јасно како изнесените невистини во коментарот ќе бидат бранети на суд.

Недоаѓањето на рочишта кое се применува за претходните тужби неможе долго да се применува.

Топлификација АД